Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Филозофски факултет
Институт за историја

# 70 ГОДИНИ ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

# 70 ГОДИНИ МАКЕДОНСКА ИСТОРИОГРАФИЈА

ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ
ОД МЕЃУНАРОДНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА ОДРЖАНА
НА 13 И 14 ДЕКЕМВРИ 2016 ГОДИНА ВО СКОПЈЕ

УКИМ / ФЗФ
2017

# Содржина


Свечен дел (13.12.2016) 7

*Поздравно обраќање на проф. д-р Никола Јанкуловски, ректор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“* 9

*Поздравно обраќање на проф. д-р Горан Ајдински, декан на Филозофскиот факултет* 13

*Поздравно обраќање на проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, раководител на Институтот за историја* 15

Прв ден (13.12.2016) 21

Виолета Ачкоска
*Сегашноста и минатото низ развојот на македонската историографија* 23

Ванчо Ѓорѓиев
*Забранетото име* 39

Emanuel Plopeanu
*The "Macedonian issue" at the beginning of the 20th Century in the Works of Romanian Historiography* 57

Далибор Јовановски
*Пред Коминтерната* 71

Војислав Саракински
*Пердика, Атина и коринтската парадигма* 91

Светлозар Елдъров
*Историографски войни: случаят „Славко Димевски“* 115

Реџеп Шкријељ
*Бошњаците во современата македонска историографија* 145

Александар Атанасовски
*За некои недоречености во средновековната историографија и потребата за нивно корегирање* 159

Стојко Стојков
*Планирање на минатото - сонување на иднината: народи, етногенези и политика во бугарската и македонската медиевистика* 177

Memli Krasniqi
*The impact of protestant movements in the cultural and spiritual life of the Monastir (Bitola) Vilayet during the second half of the ninetheenth century* 217

Stoica LASCU
*Mărturii româneşti despre diferite realităţi în spaţiul Republicii Macedonia în perioada otomană (începutul secolului XX)* 223

ВТОР ДЕН (14.12.2016) 261

Стефан ПАНОВСКИ
*Philippus furibundus?* 263

Драган ЗАЈКОВСКИ
*Кон прашањето за првите ерарси на Охридската архиепископија: помеѓу митот и историчноста* 293

Никола МИНОВ
*Гимназиите во османлиска Македонија* 305

Тодор ЧЕПРЕГАНОВ
*Искористеноста на западните и балканските историски извори во македонската историографија и електронските извори* 347

Борче ИЛИЕВСКИ
*Македонското црковно прашање во македонската и српската историографија* 355

Бранислав САРКАЊАЦ
*Македонската историја и политиката на дисциплината* 371

Jelena JARIĆ
*Late Roman "anti-pagan" laws and their appearance in the research of Roman theatres in the Republic of Macedonia* 387

Роберто ТРАЈКОВСКИ и Александар ЛИТОВСКИ
*ВМРО во стратегијата на Третиот Рајх (1943-1944)* 415

Соња НИКОЛОВА
*Македонската историографија помеѓу етиката и политиката* 427

Димитар ПАНДЕВ
*Историографскиот потстил на научниот стил* 439

Иванка ДОДОВСКА
*Меѓународното признавање на Р. Македонија, 1991–2001 година (изградба и развој на меѓународните односи)* 449

Сашо ДОДЕВСКИ
*Историјата во документите за независноста на РМ во периодот по 1990 година* 463

УДК: 94:32(381)"-202/-200"

# Philippus furibundus?

Стефан ПАНОВСКИ
Институт за национална историја, Скопје

*Abstract*. – The paper deals with the question of Philip's deceitful behavior and brutality during the eastern campaign 202-200 BC. The assumption concerning his state of mind after the peace of Phoinike is not questioned. However the main issue is whether his behavior should, or even could, be explained only on the lines of his bitterness and frustration. The first part deals with his most notorious acts, namely the destruction of Kios and Myrleia, as well as the ravaging of the pergamene territory and Attika; and the second with the reactions of both enemies and allies. The conclusion is that though his bitterness and resentment might have played a certain role, in 202 he was more probably following a policy of terror; while his behavior at Pergamon and in Attika, as extreme and disproportionate it might have been, was not entirely gratuitous. As for the reaction of the various communities, it is maintained that though his behavior caused various degrees of shock, disgust and fear, in the end it had relatively minor impact on their policies, which were ultimately based on practical considerations.

Западната „авантура" на Филип V, која започнала со неуспешниот напад на Аполонија (216 г.), дефинитивно завршила една деценија подоцна, со договорот во Фојника (205 г. ст.е.). Иако не бил поразен, речиси неизбежен е впечатокот дека Филип во суштина претрпел неуспех. Независно од тоа дали навистина сонувал за светска империја како што би сакал да нè убеди Полибиј,[1] се подготвувал за интервенција во Италија на повик на Ханибал,[2] или пак, што изгледа и

[1] Polyb., v.101-2, 105, 108.

[2] E.g. Walbank 1982: 227. Иако воздржано, Rich 1984: 126f., 158 nn. 4 & 7, сепак ја остава ваквата можност отворена зашто на Ханибал му биле потребни засилувања во Италија. Меѓутоа, прифаќањето на ова толкување подразбира антиципирање на собитијата неколку години по склучувањето на сојузот меѓу Филип и Ханибал. Во 215 г. ст.е., неполна година по битката кај Кана и Ханибал и Филип очекувале војната наскоро да заврши. Според тоа, во моментот на склучувањето на сојузот,

најверојатно, неговите цели биле ограничени на Илирија,[3] по мирот во Фојника станало јасно дека Филип веќе нема што да бара на запад. Згора на тоа, придобивките од долготрајната војна во суштина биле мошне скромни. Навистина, Римјаните генерално му ги признале освојувањата во Илирија,[4] со што и северозападната граница била несомнено зацврстена.[5] Но, цената за овие релативно скромни успеси била нова истоштувачка војна против Ајтолскиот сојуз[6] во Хелада и тоа само неколку години по завршувањето на Сојузничката војна, при што слабостите на Симахијата станале уште поочигледни. Згора на тоа, не само што не успеал целосно да го порази Скердилаида чии дејствија веројатно се главната причина за развивањето на агресивната политика во Илирија, туку изгледа дека во меѓувреме го загубил (или напуштил) и Лисос,[7] чие освојување всушност претставувало најголем успех на Филип во текот на војната. Со оглед на бројните предизвици и потешкотии со кои се соочил во изминатата деценија, веројатно му олеснило што конечно успеал да се извлече од една тешка и во голема мера бесцелна војна што му „одзела" цела деценија;[8] но постигнатото не било ни приближно до замислите и целите од пред десетина години кога Филип за прв пат се свртел на запад.

---

ниту Ханибал имал потреба од македонска интервенција во Италија, ниту пак Филип очекувал дека картагинскиот водач ќе се повика на оваа клаузула од договорот. V. Bickerman, Elias J. 1952. „Hannibal's Covenant." *AJPh* 73.1: 14ff.

[3] Badian, Ernst. 1952. „Notes on Roman Policy in Illyria (230-201 B.C.)." *PBSR* 20: 89; Gruen 1984: 375; Adams, Winthrop. L. 1993. „Philip V, Hannibal and the Origins of the First Macedonian War." *AM* 5: 45ff.; Кабан, Пјер. 1996. *За Илирите од Бардилис до Гентиј IV-II в. п.н.е.* Скопје, 210.

[4] Со исклучок на Димале, Партините и градовите Баргулум и Евгениум од каде Филип бил принуден да се повлече. Извори за мирот во Фојника кај Schmitt 1969: no.543. *Cf.* Will 1982: 97f.; Errington 1989: 104f.

[5] Errington 1990: 196.

[6] За сојузот меѓу Рим и Ајтолија *v.* Rich 1984: 131ff.; Badian, Ernst. 1958a. „Aetolica." *Latomus* 17: 14ff.

[7] *pace* May, John M. F. 1946. „Macedonia and Illyria (217-167 B.C.)." *JRS* 36: 48ff.; Gruen 1984: 381 n.130; Cabanes 1976: 262f.. Од друга страна, Hammond 1988: 409f. се обидува да докаже дека Лисос и околината останале под македонска контрола и по мирот во Фојника, но неговата аргументација што почива на анализата на скровиштето во Селце (*IGCH* 560) не е до крај уверлива, зашто проблемот со хронологијата на бронзените емисии на Филип V ни приближно не е така едноставен како што го претставува Хамонд. V. Mørkholm 1991: 136; Драганов 2001: 104ff.

[8] Наративен приказ за I Македонска војна кај Walbank 1940: 68ff. *Cf.* Will 1982: 77ff.; Hammond 1988: 391ff.; Errington 1989: 94ff.; Eckstein, Arthur M. 2010. „Macedonia and Rome, 221-146 BC." in *A Companion to Ancient Macedonia*, edited by Joseph Roisman & Ian Worthington. Oxford, 229ff. Одлична анализа за дел од проблемите што се однесуваат на војната дава Rich 1984, иако неговата клучна аргументација за целите на Рим не е сосема убедлива зашто зависи од редатирање на мирот во Фојника во 206 г. ст.е.

Додека Филип бил принуден да ги впрегне сите расположливи сили во одбрана на тоа што го поседувал наместо во нови освојувања, на запад Ханибал, а малку подоцна и Скипион Африкански постариот, со своите успеси се стекнувале со углед на извонредни војсководци. Може само да се спекулира во колкава мера Филип бил изиритиран, па дури и љубоморен што не може да им парира на овие современици и нивните веќе легендарни успеси. Како и да е, со оглед на тоа што тие не биле негови директни политички соперници, какво и да било незадоволството на Филип, тоа се сведувало на лични амбиции, суета и славољубие.

Многу посериозна била споредбата со селевкидскиот владетел Антиох III кој, токму кога привршувала I Македонска војна, полека се враќал од својата источна „анабаса". Меѓу современите историчари нема согласност по прашањето колку навистина бил успешен походот на Антиох - за некои станува збор за суштествени придобивки со кои власта на Селевкидите била обновена и зацврстена, па дури и проширена во горните сатрапии, додека пак за други, неговите успеси биле од ефемерен карактер и во основа само привремено го успориле, но не го спречиле понатамошното слабеење на селевкидската власт.[9] Дури и ако успесите на Антиох навистина биле неспоредливо поумерени и ограничени одошто може да изгледа на прв поглед, понекогаш перцепцијата е поважна од реалноста, а по ова прашање нема никаков сомнеж. Полибиј истакнува дека благодарение на своите постигања во изминатите години, при тоа покажувајќи голема ревносност и одважност, Антиох III *ἄξιος ἐφάνη* τῆς βασιλείας οὐ μόνον τοῖς *κατὰ* τὴν Ἀσίαν, ἀλλὰ καὶ τοῖς *κατὰ τὴν Εὐρώπην*.[10] Дека не станува збор само за лична проценка на Полибиј дознаваме од Апијан кој вели дека набргу по враќањето од истокот Антиох III почнал да се нарекува *megas Antiokhos*,[11] информација што се потврдува и од епиграфските извори.[12]

Издигнувањето на Антиох III претставувало проблем за Филип не само на основа на личниот ривалитет, туку и на политички план. Како што може да се забележи од изворите од овој период, прв и основен предуслов за успешен владетел е да биде храбар и способен

[9] V. Will 1982: 65ff., 348; Lerner, Jeffrey D. 1999. *The Impact of Seleucid decline on the Eastern Iranian Plateau*. Stuttgart: 52; Schmitt, Hatto H. 1964. *Untersuchungen zur Geschichte Antiochos' des Grossen und seiner Zeit*. Wiesbaden. 90ff.; Sherwin-White, Susan & Kuhrt, Amélie. 1993. *From Samarkhand to Sardis. A new approach to the Seleucid empire*, Berkeley-Los Angeles. 197ff.

[10] Polyb., xi.34.14-16. Walbank 1967: ad loc.; Ma 1999: 65f.

[11] App., *Syr.*, i.1.

[12] E.g. Ma 1999: nos.9-10. По победите во Којле-Сирија во 200 г. ст.е. Антиох почнува да се нарекува *megas basileus*, што потоа се среќава многу почесто од *megas Antiokhos*. V. Ma 1999: 272ff.

војсководец.[13] Според тоа, тука веќе не станувало збор за теоретска расправа кој е подобар војсководец, туку имплицитно и кој е поспособен и поуспешен владетел. Филип секако не можел да остане рамнодушен што паднал во сенка на владетел од сопернички владетелски дом. Да бидат работите уште полоши, само една деценија претходно улогите биле сосема спротивни - на возраст кога Александар III штотуку станал крал на Македонија, Филип V веќе постигнувал значителни успеси во Сојузничката војна, а Антиох III претрпел тежок пораз кај Рафија (во 217 г. ст.е.). По мирот во Фојника пак, Филип веќе бил на возраст кога Александар III починал, а во меѓувреме и покрај сите напори и повремени успеси не можел да се пофали со некое навистина впечатливо постигнување, додека пак Антиох III се враќал од „триумфалната“ источна анабаса, и меѓу останатото можел да се пофали дека е прв владетел по Александар III и Селевк I кој стигнал до Индија.[14]

## I

Како што може да се забележи, Филип немал многу причини за задоволство од тоа што го постигнал во изминатата деценија, особено во споредба со делата на некои од неговите современици. Но, ако ништо друго, со мирот во Фојника конечно добил одврзани раце за да развие нова политичка активност, овој пат на истокот и во Егејскиот басен. Иако често дискутирани, многу проблеми и прашања за овие пет години (205-200 г. ст.е.) и понатаму остануваат отворени – од прашањето за целите и мотивите на Филип, па сè до редоследот на настаните, особено во клучната 201 г. ст.е., и последиците од ваквата политика. Во оваа прилика немам намера да се задржувам на овие проблеми и би се ограничил само на едно прашање – дали и во колкава мера Филип навистина им се препуштил на сопствените страсти и фрустрации, а ако е така – кои биле последиците од ваквото однесување?

Во мошне впечатлив опис на расположението на Филип во времето по Фојника, М. Оло го прикажува како огорчен и разочаран владетел, бесен поради пропаста на неговите западни планови; пасивноста на сојузниците кои покажувале знаци на живот само кога доаѓале да го молат за помош; неблагодарноста и отпорот кај дел од поимотните слоеви во Хелада; истоштен од долготрајниот притисок и напор

[13] Polyb., iv.77., xviii.41. *cf.* Plut., *Demet.*, 44.5; Suda, s.v. Βασιλεία (од хеленистички извор). V. Walbank, Frank W. 1984. „Monarchies and monarchic ideas.“ in *CAH* VII$^2$: 63; Eckstein 2006: 87f.; Austin 1986: 458f.; Chaniotis 2005: 57ff.

[14] За договорот меѓу Антиох III и индискиот владетел Софагасен Polyb., xi.34.11-12. Walbank 1967: ad loc.; Tarn, William W. 1951. *The Greeks in Bactria and India*$^2$. Cambridge. 101, 130.

во I Македонска војна, отворено ги презирал сите освен Римјаните кои единствено биле достојни за почит. Накусо, владетел кој полека се трансформирал во тиранин кој не се воздржувал од каква било постапка сè со цел да го исполни тоа што го наумил и со својата суровост го шокирал хеленистичкиот свет и си навлекол страв, гнев и недоверба.[15] Слично и Волбанк истакнува дека од повеќе причини, во овој период Филип сè почесто не успевал да ги совлада сопствените страсти, поради што на крајот донел низа штетни одлуки што имале сериозни последици.[16] Иако во меѓувреме толкувањето на неговите планови делумно е сменето, сепак се добива впечаток дека негативната слика за Филип и последиците од неговите импулсивни постапки опстојува. Така на пример, Џ. Бриско истакнува дека политиката на Филип во овој период може да се окарактеризира единствено како „отворен и бесрамен империјализам", а секој обид да се понуди некакво толкување за неговите цели и мотиви е само претерано рационализирање; а цената ја платил набргу, зашто како резултат на ваквото однесување не успеал да ги мобилизира сојузниците во Хелада кога започнала новата војна со Рим.[17] Н. Хамонд пак истакнува дека со својата суровост Филип ја поткопал сопствената позиција на хегемон на Симахијата и се стекнал со подеднакво негативен углед како и Ајтолците и Римјаните.[18] Според Р. Ерингтон бруталноста што Филип ја покажал при освојувањето на Киос и Мирлеја, освен што ја шокирала јавноста, го испровоцирала и Родос, а подоцна го чинела и помошта од Ахајскиот сојуз.[19]

Дел од престапите што му се припишуваат на Филип, или пак индикациите за промената во неговиот карактер може веднаш да се отфрлат или барем да се остават како отворени прашања поради недостатокот од извори и може сосема накусо да се споменат. Така на пример, фактот што Филип V бил првиот македонски владетел по Деметриј Полиоркет кој на монетите го ставил сопствениот портрет не би можел да се земе како уште еден показател за авторитарноста на неговото владеење од причина што првата серија на тетрадрахми каде

[15] Holleaux 1930: 144f.

[16] Walbank 1940: 135f., 260.

[17] Briscoe 1978: 155f.

[18] Hammond 1988: 413, 416, 420. *Cf.* Walbank 1982: 228.

[19] Errington 1989a: 252 (базирано на Polyb., xv.23.6), 263. *Cf.* Errington 1990: 196, каде авторот се прашува дали по операциите во 202 г. ст.е. Филип воопшто и одлучил што точно сака да постигне, со што барем индиректно се имплицира дека неговата политика во овој период има барем доза на стихијност и несистематичност. Многу поурамнотежен, па донекаде и попозитивен преглед на неговата политика во Errington 2008: 192ff., 198ff., иако уништувањето на пергамската територија и особено на Никефорионот во 201 г. ст.е. го оценува како барбаризам што како последица довело до здружувањето на Родос и Пергам.

се среќава неговиот портрет се датира од почетокот на неговото владеење,[20] во времето кога тој сè уште бил „миленикот на Хелада."[21] Според тоа, може да се дискутира дали е тоа показател за начинот на кој владеел уште од самиот почеток, но не и за некаква промена по мирот во Фојника. Елиминацијата на петте советници, најверојатно во овој период, накусо се споменува единствено кај Диодор (xxviii.2), така што невозможно е да се оцени за што точно станувало збор. Од приказот се добива впечаток дека тие биле елиминирани само затоа што не се согласувале со плановите на Филип;[22] меѓутоа тенденциозноста на изворот што го ползувал Диодор е очигледна[23] така што прашање е во колкава мера толкувањето би можело да се прифати безрезервно. Што се однесува пак до улогата на Дикајарх и Хераклејд и нивната поврзаност и влијание врз Филип, работите не се така едноставни како што изгледаат. Прво, прашањето во колкава мера советниците влијаеле врз Филип при формулирањето на неговата надворешна политика не е сосема разјаснето, и со оглед на расположливите извори најверојатно ќе остане отворено уште долго време.[24] Сепак, независно од тоа, треба да се истакнат неколку работи што овозможуваат поврзувањето на Филип со Дикајарх и Хераклејд да се согледа од друг аспект. Прво, најмувањето на Дикајарх не претставува никаква новина не само во политиката на Филип, туку и во политиката на Антигонидите, за што на пример сведочи кариерата на познатиот гусар Амејнија во времето на Антигон Гоната;[25] или пак учеството на гусарите при опсадата на Родос од Деметриј Полиоркет.[26] Згора на тоа, Дикајарх бил во служба на Филип кусо време и веќе во 204 г. ст.е. или набргу потоа го среќаваме на дворот на Лагидите,[27] каде во тоа време истакната улога имал Скопас - уште еден ајтолски платеник. Што се однесува пак до Хераклејд, прво не знаеме кога точно стапил во служба на Филип – можеби уште во текот на I Македонска војна,[28] или нешто

[20] Драганов 2001: no.712; Mørkholm 1991: no.438.

[21] Polyb., vii.11.8.

[22] Прифатено од Holleaux 1930: 145.

[23] Имено, нападот на Дарданија е окарактеризиран како уште еден престап на Филип, иако ваквите превентивни напади на македонските владетели, посебно кога планирале подолго отсуство од Македонија, биле вообичаени и сосема оправдани со оглед на дарданскиот обичај да ја искористуваат отсутноста на кралот за напади на Македонија. Авторот или не ја сфаќал ситуацијата на северната граница, или пак одбрал намерно да го прикаже Филип во негативно светло.

[24] Куса и урамнотежена анализа на овој проблем кај Walbank 1940: 261ff.

[25] *pace* Gabbert, Janice J. 1986. „Piracy in the Early Hellenistic Period: A Career Open to Talents." *G&R* 33.2: 158ff.

[26] Diod., xx.82.5-83.1. de Souza 1999: 44ff.

[27] Walbank 1967: 625f.

[28] Ако македонскиот заповедник во Фокида што се споменува на еден натпис е овој Хераклејд (*Syll.*[3] 552), тогаш тој бил во служба на Филип веќе во 209 г. ст.е.; меѓутоа

подоцна.[29] Второ, тој не е ниту првиот ниту најпознатиот туѓинец што имал истакната улога на дворот на Филип – таа „чест" секако му припаѓа на злогласниот Деметриј од Фарос.[30] Според тоа, без разлика како ќе ја протолкуваме улогата и значењето на овие советници, издигнувањето на Хераклејд не претставува некаква новина во владеењето на Филип и не би требало да се зема како показател за некаква промена во неговиот карактер; особено што ако му веруваме на Полибиј (xiii. 4.1-2), тој бил само послушно орудие во рацете на македонскиот крал.[31]

Главните проблеми што треба да се продискутираат се прашањето за суровоста на Филип и последиците од овие постапки. Дури и ако го земеме предвид непријателскиот тон на изворите, нема никаков сомнеж дека постапките на Филип во неколку пригоди биле крајно сурови и по ова прашање нема место за никаква дискусија. Прашањето е дали станува збор за спонтани и непромислени изливи на бес, или пак зад овие постапки можеби се крие нешто друго.

Во 202 г. ст.е., неговата нова флота веќе била подготвена, и движејќи се по тракомакедонското крајбрежје, Филип се упатил кон Пропонтида. Во текот на оваа кампања биле освоени Лисимахеја, Халкедон,[32] Перинт,[33] можеби и Сестос,[34] а во име битинскиот крал Прусија I ги освоил и Киос[35] и Мирлеја.[36] На враќањето кон Македонија го освоил и Тасос.[37] Дали Филип освоил и други градови што не се споменати во изворите не може со сигурност да се каже, но во оваа прилика тоа и не е толку важно. Внимание заслужуваат настаните во Киос и Мирлеја. Имено, откако биле освоени, двата града биле темелно ограбени и разурнати, а населението било продадено во ропство. Ако може да му се верува на Полибиј, дури и Прусија I, кому му биле

оваа идентификација не е општо прифатена (*e.g.* Schoch RE *Supp*. (1924), col.729, s.v. Herakleides (36a), кој го отфрла предлогот).

29 Изворите за неговата кариера под Филип се собрани кај Le Bohec 1985: 108f. (no.9).

30 Извори кај Le Bohec 1985: 107 (no.7).

31 *Contra* O'Neil, James L. 2003. „The ethnic origins of the friends of the Antigonids." CQ 53.2: 517, кој истакнува дека дел од главните советници биле туѓинци, па според тоа не располагале со традиционална подршка меѓу Македонците, што според него е индикација за слабост кај Филип. Не само што ваквиот заклучок не е уверлив, туку напротив, би можело да се заклучи и сосема спротивното; односно дека потпирајќи се на туѓинци, чија позиција во целост зависела од неговата добра волја, Филип всушност се изборил (или барем се обидувал да се избори) за одредена независност од традиционалните македонски советници.

32 Polyb., xv.23.7-9. И двата града во тоа време во сојуз со Ајтолците.

33 Polyb., xviii.2.4.

34 Polyb., xviii.2.4. Niese 1899: 581. Меѓутоа, можно е Сестос да бил освоен во 200 г. ст.е. *v.* Walbank 1967: 539.

35 Polyb., xv.21-23.6. Steph. Byz., s.v. Προῦσα.

36 Strabo, xii.4.3; Hermippus, *FHG* III, frg. 72 (p.51); Steph. Byz., s.v. Μύρλεια.

37 Polyb., xv.24.1-3. *cf.* Liv., xxxiii.30.3.

предадени[38] бил незадоволен од овие постапки и се чувствувал измамено зашто добил само празни градови.[39] Угледот на Филип особено опаднал по случувањата пред Киос, зашто градот бил освоен додека тој ги одолговлекувал преговорите со неутралните делегати[40] кои се обидувале да го спасат градот. Згора на тоа, додека пратеникот на Филип се обидувал да ги оправда неговите постапки пред родоското собрание, пристигнал извештај во кој точно се опишувале настаните, и дволичноста на Филип на сите им станала јасна и токму поради тоа од овој момент Родос почнал да се подготвува за војна.[41]

Земајќи ги предвид овие настани, воопшто не изненадува што Филип бил обвинет за суровост и дволичност и навидум се потврдува претпоставката дека во овој период тој често им се предавал на сопствените чувства и фрустрации, што имало и сериозни политички импликации. Па сепак, ако навистина било така, тогаш делувањето на Филип е крајно изненадувачко. Ако тој не водел сметка за политичката ситуација и делувал во афект, зошто градовите што ги освоил во Европа, заедно со Халкедон, добиле дијаметрално спротивен третман од Киос и Мирлеја? Имено, во случајот на Лисимахеја и Халкедон, Полибиј воопшто не споменува уништување или пак ограбување на градовите и единствено го обвинува Филип за дволичност, зашто освоил градови што биле во сојуз со Ајтолците, со кои пак неодамна склучил мир.[42]

Ако овие градови доживеале слична судбина на Киос и Мирлеја, Полибиј секако не би пропуштил да го спомене тоа. Напротив, тој само вели дека ги принудил да го раскинат сојузот со Ајтолците и ги потчинил. Со оглед на воздржаниот израз на Полибиј, можеме да се запрашаме дали воопшто дошло до борби, или пак Филип едноставно извршил притисок врз овие градови да ја сменат страната. Натписот на кој е забележан договорот меѓу Филип и Лисимахеја, што секако би ни овозможил подобро да го разбереме статусот на овие градови, па можеби дури и начинот на кој преминале на негова страна, за жал е премногу оштетен.[43] Веројатно нешто слично се случувало и во Перинт, при што градот бил принуден да го раскине сојузот со Бисант

[38] Двата града подоцна се преосновани како Апамеја (Мирлеја) и Прусија (Киос). V. Cohen, Getzel M. 1996. *The Hellenistic Settlements in Europe, the Islands, and Asia Minor*. Berkeley, 392f., 405f.

[39] Polyb., xv.22.10. Walbank 1967: ad loc. Интересно е што Полибиј воопшто не ја споменува Мирлеја, но дека и овој град претрпел иста судбина како Киос сведочи Страбон (*бел.* 36).

[40] За можна идентификација на делегатите *v.* Walbank 1967: 476.

[41] Polyb., xv.23.1-6.

[42] Polyb., xv.23.7-9.

[43] Schmitt 1969: no.549. Hatzopoulos, Miltiades B. 1996. *Macedonian institutions under the kings, vol.2 (Epigraphic Appendix)*, Athens. no.3. Со оглед на тоа што е невозможно

и да премине на страната на Филип. Во секој случај, иако деталите мора да останат предмет на спекулации, тоа што се чини прилично јасно е дека овие градови не настрадале како Киос и Мирлеја.

Ако е тоа така, тогаш зошто овие два града доживеале таква судбина? Првиот и сосема очигледен мотив е стекнувањето на плен,[44] што секогаш имал значајна економска улога.[45] Во случајот на Филип ова било до толку поважно, зашто како што може да се заклучи од експедицијата на Дикајарх, тој имал тешкотии да собере доволно средства за создавање и екипирање на новата флота.[46] За разлика од стратешки важните Лисимахеја, Перинт и Халкедон, каде Филип се одлучил за повнимателен и дипломатски пристап, Киос и Мирлеја го немале истото значење за него, особено што двата града по освојувањето му биле предадени на Прусија I, па подоцна тој дури и се бранел (не многу убедливо) дека овие напади биле преземени за битинскиот крал, кому како сојузник Филип му притекнал напомош.[47]

Меѓутоа, потребата да се пополни касата веројатно не е единствената причина за разурнувањето на Киос и Мирлеја. Не треба да се заборави дека операциите во 202 г. ст.е. претставувале само увод во источните планови на Филип, а на патот на нивното остварување стоеле бројни потенцијални непријатели и градови. Опсадувањето и освојувањето на секој град што би се осмелил да му пркоси би го чинело Филип премногу време, средства и најважно од сѐ, премногу човечки загуби. Според тоа, уништувањето на Киос и Мирлеја од една, и релативно благиот третман на Лисимахеја, Перинт и Халкедон од друга страна, несомнено претставувало јасна и заканувачка порака. Ова е до толку поверојатно ако се земе предвид дека Филип ја испратил својата порака на сметка на два града што и онака му ги предал на Прусија I. Дека овој пристап барем делумно вродил со плод покажуваат настаните од 200 г. ст.е., кога Филип со релативно мала војска од приближно 2.200 војници[48] успеал да заземе повеќе градови и тврдини по тракомакедонското крајбрежје.

---

да се утврди должината на редовите, дополнувањата што ги дава Piejko, Francis. 1988. „The Treaty between Antiochus III and Lysimachia: ca. 196 B.C. (With a Discussion of the Earlier Treaty with Philip V)." *Historia* 37.2: 153ff., со право се оценети како произволни и неуверливи (*BE* 1989: no.435).

[44] *Cf.* Polyb., xv.22.1: Ὁ δὲ Φίλιππος κύριος γενόμενος τῆς πόλεως περιχαρὴς ἦν, ὡς καλήν τινα καὶ σεμνὴν πρᾶξιν ἐπιτετελεσμένος καὶ βεβοηθηκὼς μὲν προθύμως τῷ κηδεστῇ, καταπεπληγμένος δὲ πάντας τοὺς ἀλλοτριάζοντας, *σωμάτων δὲ καὶ χρημάτων εὐπορίαν* ἐκ τοῦ δικαίου περιπεποιημένος.

[45] V. одличната анализа на Chaniotis 2005: 115-42, посебно 129-37. *Cf.* Austin 1986: 459ff.

[46] *pace* Holleaux 1921: 285 n.5; Walbank 1982: 229; Berthold 1984: 109.

[47] Polyb., xviii.5.4.

[48] Liv., xxxi.16.3. Вкупниот број на војници бил нешто поголем, зашто во операциите учествувала и флотата, па веројатно дел од војската бил пренесен на бродовите.

Токму поради тоа, се чини дека В. Тарн бил сосема во право кога овие постапки на Филип ги протолкувал како една форма на психолошка војна и застрашување, во што го следел примерот на Римјаните.[49] Во колкава мера Филип навистина го следел примерот на Рим не е толку јасно како што мислел В. Тарн, чие толкување се заснова на теоријата дека хеленистичките држави, барем во III век ст.е., се раководеле од принципот на рамнотежа на силите и токму поради тоа овој период бил „похуман“ (што и да треба тоа да значи).[50] Меѓутоа, иако оваа теорија сè уште има бројни приврзаници, поновите истражувања, поткрепени со сè побројниот епиграфски материјал, покажуваат дека всушност станува збор за мит создаден од современите историчари, и не соодветствува на реалната состојба – војните биле исто толку жестоки и сурови, а судбината на градовите несигурна како и во минатото.[51] Ако изгледа дека во III век ст.е. постоела рамнотежа на силите, тоа попрво произлегува од немоќта на големите монархии целосно да ги уништат главните ривали, а не од некој општоприфатен принцип.[52] Озлогласениот „разбојнички пакт“ меѓу Филип V и Антиох III (веројатно 203/2 г. ст.е.),[53] а подоцна и нападот на Антиох IV на Египет (169-168 г. ст.е.),[54] покажуваат дека ако се укажела можност, владетелите и тоа како биле подготвени сосема да ги уништат противниците. Како што заклучува Ш. Агер, „Ако во III век воопшто и постоела рамнотежа, таа била од хераклитовски, а не питагорејски тип, заснована не на хармонија, туку на тензии и судири“.[55] Впрочем, Киос и Мирлеја не се првите градови што ја почувствувале суровоста на Филип – покрај разурнувањето на Термон во 218 и 207

[49] Tarn 1930: 44.

[50] *E.g.* Tarn, William W. 1928. „Macedonia and Greece.“ in *CAH* VII: 211f.; Id. 1930: 44; Rostovtzeff, Michael. 1941. *Social and Economic History of the Hellenistic World*, 3 vols., Oxford, 192ff.; Klose, Peter. 1972. *Die völkerrechtliche Ordnung der hellenistischen Staatenwelt in der Zeit von 289 bis 168 v.Chr.* München, 87ff.; Treves, Piero. 1970. "Balance of Power Politics in Classical Antiquity." in *Proceedings of the Thirteenth International Congress of Historical Science*, 55–63. Moscow; Veyne, Paul. 1975. „Y a-t'il eu un impérialisme romain?“ *Mélanges de l'Ecole française de Rome* 87.2: 823, 837f.; Will, Édouard. 1984. „The succession to Alexander.“ in *CAH* VII$^2$: 61.

[51] Lévêque 1968; Austin 1986; Schmitt 1974, посебно 89f.; Eckstein 2006: 79-117; Ager 2003. *Cf.* Ma 2000.

[52] Walbank, Frank W. 1993. „Η ΤΩΝ ΟΛΩΝ ΕΛΠΙΣ and the Antigonids.“ *AM* 5: 1733.

[53] Преглед на мислења со најважната литература за разбојничкиот пакт кај Eckstein 2008: 121ff. (иако Екстин можеби има и премногу доверба во мислењата и проценките на Полибиј).

[54] Меѓу современите историчари нема согласност дали Антиох IV планирал окупација и уништување на лагидската држава, или пак воспоставување на некоја форма на протекторат. *Cf.* Pédech 1964: 151; Walbank, Frank W. 1979. *A Historical Commentary on Polybius*, vol.3. Oxford, 357f.; Eckstein 2008: 275, 309.

[55] Ager 2003: 50.

г. ст.е., тука се и примерите на Фтиотидска Теба во 217 г. ст.е.,[56] и (можеби) Лариса Кремасте во 210 г. ст.е.[57] Според тоа, не само што на Филип не му биле потребни лекции од Римјаните,[58] туку со оглед на неговите постапки во минатото, нема потреба да се инсистира на некаква драматична промена во неговиот карактер.

Што точно се случило при заземањето на Тасос и во колкава мера овој настан се вклопува во понуденово објаснување, за жал не може со сигурност да се одговори. Не само што приказот на Полибиј е фрагментарен, туку дури и тоа што е сочувано изгледа било дополнително скусено од подоцнежен ексцерптор.[59] Со оглед на стратешкото значење на Тасос, не изненадува што и овој град бил нападнат од Филип. Од тоа што е сочувано од приказот на Полибиј,[60] изгледа дека жителите на Тасос биле подготвени да се предадат под одредени услови, а Филип откако навидум се согласил, влегол во градот и го освоил. Тоа што Филип го освоил Тасос со измама веројатно и не е толку шокантно како што би можело да изгледа на прв поглед – ова не е ниту прв ниту последен ваков пример. Во оваа прилика доволно е да се потсети на начинот на кој Антигон Гоната го освоил Коринт (најверојатно на почетокот на 245 г. ст.е.).[61] Всушност, Филип го следел не само примерот, туку и советот на Гоната, кој во една прилика запрашан на кој начин треба да се нападне непријателот, одговорил „со измама или пак со воена сила, со отворен напад или пак со изненадување."[62] До тука работите се релативно јасни. Проблемот е судбината на жителите. Од Полибиј се добива впечаток дека тие доживеале слична судбина како жителите на Киос и Мирлеја.[63] Можеби во овој случај Полибиј едноставно претерува;[64] или со оглед на стратешката положба на Тасос, Филип едноставно не бил задоволен од условите на кои инсистирале жителите на градот.[65] За жал, подалеку од ова не би

---

[56] Polyb., v.99-100.8. Walbank, Frank W. 1957. *A Historical Commentary on Polybius*, vol.1. Oxford, ad loc.

[57] Liv., xxxi.31.4. Briscoe 1973: ad loc.

[58] Ако воопшто и се водел по некој пример, тоа секако биле Ајтолците, за чии методи *v.* Scholten 2000: *passim* (s.vv. booty, plunder, seizure). *Cf.* Polyb., xviii.4.8: πολλάκις γὰρ κἀμοῦ (*sc.* Φιλίππου) καὶ τῶν ἄλλων Ἑλλήνων διαπρεσβευομένων πρὸς ὑμᾶς, ἵνα τὸν νόμον ἄρητε τὸν διδόντα τὴν ἐξουσίαν ὑμῖν ἄγειν λάφυρον ἀπὸ λαφύρου, πρότερον ἔφατε τὴν Αἰτωλίαν ἐκ τῆς Αἰτωλίας ἀρεῖν ἢ τοῦτον τὸν νόμον.

[59] Walbank 1967: 479.

[60] Polyb., xv.24.1-3.

[61] Plut., *Arat.*, 17; Polyaen., *Strat.*, iv.6.1.

[62] Stob., iv.13.46.

[63] И во случајот на Киос и на Тасос, Полибиј го употребува глаголот ἐξανδραποδίζω.

[64] Errington 2008: 198.

[65] Тие барале во градот да не биде поставен македонски гарнизон, да бидат ослободени од данок, да бидат ослободени од обврската да обезбедуваат сместување за војниците и да продолжат да живеат според своите закони.

можело да се спекулира, зашто токму во моментот кога Филип објавил дека ги прифаќа условите, приказот на Полибиј прекинува, така што не знаеме што точно се случило во меѓувреме. Во секој случај, со освојувањето на Тасос завршила кампањата во 202 г. ст.е.

Следната година, во една фуриозна, но истовремено и конфузна кампања, преку Кикладите Филип се префрлил во Мала Азија, каде по освојувањето на Самос се судрил со Пергам и Родос близу Хиос, ја нападнал пергамската територија, дејствувал во Јонија, се судрил со Родос кај Ладе, за конечно да се впушти во посистематско освојување на дел од Карија, каде на крајот бил блокиран од пергамската и родоската флота кај Баргилија и се вратил во Македонија дури пролетта идната година.[66] Овој впечаток за одредена хаотичност во движењето на Филип веројатно се должи на фактот што по битката кај Хиос тој несомнено морал да ги измени и адаптира првичните планови (какви и да биле тие), а делумно и на фрагментарноста на XVI книга од делото на Полибиј. Во оваа прилика единствено треба да се одбележи пустошењето на пергамската територија и уништувањето на Никефорионот.[67] Имено, според Полибиј токму во оваа прилика Филип сосема се препуштил на сопствениот гнев и фрустрации и се однесувал како речиси да го загубил умот, при тоа пустошејќи ја земјата и уништувајќи ги светите места, храмовите и статуите на боговите.[68] Извлечено од контекст, толкувањето на ахајскиот историограф навистина делува убедливо. Но, ако се обидеме да ги согледаме настаните од аспект на Филип, верувам дека може да се стигне до различен заклучок.

Независно од тоа дали ќе го прифатиме редоследот Хиос-Пергам-Ладе, или пак Ладе-Пергам-Хиос,[69] една работа е сосема јасна – од

---

[66] Детален преглед со извори кај Holleaux 1952: 211-335. *cf.* Walbank 1940: 117ff.; Id. 1967: 497ff.; Will 1982: 124ff.; Hammond 1988: 413ff.; Errington 1989a: 252ff.

[67] Подоцнежните постапки во Карија, како на пример пустошењето на територијата на Алабанда и обидот да ја освои Миласа не се земени предвид, зашто тие очигледно биле преземени од очајната потреба да се снабди војската со неопходните намирници (*cf.* Ma 1999: 75).

[68] Polyb., xvi.1.1-6. Посебно 1.2: *χαριζόμενος γὰρ οἷον εἰ λυττῶντι τῷ θυμῷ, τὸ πλεῖον τῆς ὀργῆς οὐκ εἰς τοὺς ἀνθρώπους, ἀλλ' εἰς τοὺς θεοὺς διετίθετο.*

[69] Редоследот на овие клучни настани во 201 г. ст.е. е предмет на постојани дискусии меѓу современите историчари. Во оваа прилика нема потреба да се навлегува во овој проблем што не е од суштествено значење во конкретнава расправа. Мислењата на повеќето историчари се наведени кај Berthold 1975: 151 nn.8-11; Will 1982: 126. Иако прашањето останува неразрешено, во повеќето трудови од последниве неколку децении едноставно се повторуваат старите аргументи без да се приложи било што ново. Колку е нејасна целата проблематика покажува и тоа што дури и оние што претпочитаат битката кај Ладе да ја датираат пред онаа кај Хиос не се согласни по прашањето кога да се датира нападот на Пергам (Errington 2008: 200

формален аспект агресори биле Пергам и Родос, а не Филип. Зашто за време на конференцијата пред Абидос, кога Марк Ајмилиј Лепид му го пренел на Филип римскиот ултиматум, овој одговорил дека тој не ги прекршил одредбите од мирот во Фојника, и дека всушност Родос прв го нападнал него. Индикативно е што ниту кај Полибиј, ниту кај останатите автори Ајмилиј Лепид не се обидува да го оспори ова тврдење, туку остро го прекинува излагањето на Филип и продолжува со останатите обвинувања.[70] Тоа што кај Полибиј Филип не го споменува и Пергам заедно со Родос не претставува никаква потешкотија. Прво, на конференцијата во Никаја (ноември 198 г. ст.е.) при повторната одбрана на своите дела Филип овој пат го наведува и Атал како агресор (Фламинин не го негира тврдењето);[71] второ, бидејќи Ливиј го наведува и Атал во говорот на Филип кај Абидос, можеби и текстот на Полибиј би требало да се дополни со <Ἄτταλος καὶ> Ῥόδιοι, но дури и без дополнувањето тоа и не е толку важно, зашто Ајмилиј Лепид го прекинува говорот на Филип, кој нема можност да се доискаже.[72] Филип всушност имплицитно го споменува и Атал, зашто при завршувањето на разговорот му порачува на Ајмилиј Лепид Римјаните да се држат до одредбите од договорот во Фојника. Со оглед на тоа што Атал бил еден од римските *adscripti* на договорот во Фојника,[73] барањето на Филип би било апсурдно ако тој прв го нападнал Атал. Според тоа, може со сигурност да се заклучи дека барем од формален аспект, Пергам и Родос ја започнале војната со Филип, а не обратно.[74]

---

и Berthold 1975: 156ff. го датираат меѓу битките кај Ладе и Хиос, додека пак Eckstein 2008: 164 по битката кај Хиос).

[70] Polyb., xvi.34; Liv., xxxi.18.1-4; App., *Mak*., iv; Diod., xxviii.6. *cf.* Walbank 1967: ad loc; Briscoe 1973: ad loc.

[71] Polyb., xviii.6.1-2: Τοῦ δὲ Τίτου γελάσαντος "Ἀλλὰ δὴ πρὸς μὲν Αἰτωλοὺς ἀρκείτω μοι ταῦτ' (*s.c.* Φίλιππος) ἔφη· "πρὸς δὲ Ῥοδίους καὶ πρὸς Ἄτταλον ἐν μὲν ἴσῳ κριτῇ δικαιότερον ἂν νομισθείη τούτους ἡμῖν ἀποδιδόναι τὰς αἰχμαλώτους ναῦς καὶ τοὺς ἄνδρας ἤπερ ἡμᾶς τούτοις· οὐ γὰρ ἡμεῖς Ἀττάλῳ πρότεροι καὶ Ῥοδίοις τὰς χεῖρας ἐπεβάλομεν, οὗτοι δ' ἡμῖν ὁμολογουμένως.; Liv., xxxii.34.7. *Cf.* Walbank 1967: 548ff.

[72] Walbank 1967: 544.

[73] Liv., xxix.12.14.

[74] *Contra* Badian 1958:67; Briscoe 1973: 106, кој инсистира дека нема потреба да се придава посебна тежина на одбраната на Филип и дека тоа не докажува дека битката кај Хиос претходела на битката кај Ладе. Што се однесува до редоследот на битките, Бриско можеби и е во право – било каков инцидент или напад од страна на Атал (што не бил забележан, или пак бил споменат во загубениот дел од XVI книга на Полибиј) би бил доволен аргумент за тврдењето на Филип. Меѓутоа, верувам дека не одбраната на Филип, туку молкот на Лепид и потоа Фламинин се крајно убедливи аргументи за издржаноста на тврдењето на Филип; поготово што во 200 г. ст.е. Сенатот бил на маки да изнајде соодветен изговор за објавување на *bellum iustum* против Филип. Ако Филип навистина прв го нападнал Атал кој бил *adscriptus* на мирот во Фојника, овој факт несомнено би бил потенциран од Римјаните во времето на дипломатската офанзива пред почетокот на војната; поготово

Така, за помалку од една деценија Атал по втор пат, без било каква директна провокација (барем колку што може да се заклучи од сочуваните извори), се впуштил во војна против Филип. Но, колку и да бил разгневен од ваквата постапка на Атал, тоа сепак не ги објаснува до крај постапките на Филип. Што се однесува до пустошењето на земјата, очигледно станува збор за обид на Филип да ја снабди војската со намирници и да собере плен, и дури и Полибиј го признава тоа, при тоа истакнувајќи дека тој не успеал во намерата, зашто Атал презел правовремени мерки.[75] Потребата од воен плен веројатно се крие и зад разурнувањето и ограбувањето на дел од светите места,[76] но главната цел на Филип била нешто сосема друго. Како што дознаваме од преговорите во Никаја, Атал барал одштета за уништувањето на Никефорионот и за храмот на Афродита.[77] Зошто токму овие градби?

Никефорионот (посветен на Атена), бил подигнат во чест на победите на Атал над Галатите, прво на реката Каик (c.240 г. ст.е.), а потоа и победите над Антиох Хиеракс и неговите галатски сојузници.[78] Победата кај Каик имала посебно значење, зашто ако им веруваме на изворите, дури тогаш Атал се осмелил да ја земе титулата *basileus*, а можеби и прекарот *Soter*.[79] Со други зборови, тоа што била Лисимахеја за Антигон Гоната, а одбраната на Делфи за Ајтолскиот сојуз, тоа била победата кај Каик за Атал I. Не само што претставувала основа за издигнувањето на Пергам во регионална сила, туку им овозможила на Аталидите да се вбројат меѓу бранителите на „цивилизацијата“ од застрашувачките варвари.[80] Победите над Антиох Хиеракс и Галатите пак, не само што го потврдиле впечатокот за Атал како заштитник од Галатите, туку и му овозможиле (иако привремено) дополнително да го прошири кралството за сметка на Селевкидите

---

што во меѓувреме врските меѓу Рим и Пергам дополнително биле зацврстени кога токму благодарение на помошта од Атал I, Римјаните успеале успеале да го пренесат светиот камен на Magna Mater од Мала Азија во Рим (Liv., xxix.10.4-11.8, 10.5-14; Ovid., *Fasti*, iv.247-348; *cf.* Gruen, Erich S. „The Advent of the Magna Mater“, in *Studies in Greek Culture and Roman Policy*, 5-33. Berkeley-Los Angeles).

[75] Polyb., xvi.1.3, 7-9. Walbank 1967: ad loc.

[76] Слично и Антиох III ќе го ограби храмот на божицата Анахита во Екбатана за да го финансира источниот поход (Polyb., x.27.12-13). Постапка е уште пошокантна со оглед на тоа што Екбатана била под селевкидска власт. Подоцна ќе се обиде да го стори истото и во храмот на Баал во Суса, но овој пат неговото однесување ќе предизвика таков револт меѓу населението што дури ни војниците не успеале да го спасат (Diod., xxviii.3; xxxix.15; Strabo, xvi.1.18; Just., xxxii.2.1-2).

[77] Polyb., xviii.6.4; Liv., xxxii.33.5, 34.9-10.

[78] *OGIS* nos. 269, 273-279. Strabo, xiii.4.2; Paus., i.25.2.

[79] Polyb., xviii.41.7-8; Strabo, xiii.4.2. *cf.* Paus., i.4.5. Evans, Richard. 2012. *A History of Pergamum: Beyond Hellenistic Kingship*. London.17f.; Errington 2008: 213f.

[80] V. Mitchell, Stephen. 2003. “The Galatians: Representation and Reality”, in *A Companion to the Hellenistic World*, edited by A. Erskine, 280-93. Oxford, 283ff.

(но не во размери како што порано се претпоставувало).[81] Што се однесува пак до храмот на Афродита, од еден натпис дознаваме дека токму кај овој храм Атал извојувал една од победите над Толистоагите, Тектосагите и Хиеракс.[82]

Ако се земе предвид важноста и симболиката на овие градби (особено Никефорионот), изгледа дека сепак не станува збор за спонтано истурање на гнев врз сè што ќе му застане на патот – Филип повторно водел психолошка војна, но овој пат не станувало збор за политика на застрашување туку за пропаганда наменета не само за жителите на Пергам туку и пошироката јавност. Навистина, тој не можел (а веројатно не се ни надевал) да го заземе силно утврдениот град.[83] Но, со ова покажувал дека господари со територијата надвор од градот, додека пак Атал бил принуден од ѕидините немоќно да гледа како Филип ги уништува симболите на пергамската моќ – неспорен доказ за тоа кој од двајцата владетели е помоќен. Иронијата, па и навредата би биле уште поголеми ако нападот на Пергам уследил по битката кај Хиос,[84] што сепак како што беше споменато, не може со сигурност да се утврди. Во секој случај, Филип набргу ја напуштил територијата на Пергам, а останатиот дел од операциите во 201 г. ст.е. не се релевантни за конкретнава тема.

Операциите на Филип во 200 г. ст.е. биле многу поумерени, и ограничени на трако-македонското крајбрежје, каде биле освоени Маронеја, Ајнос, Кипсела, Дориск, Серej, Елај, Алопеконес, Калипол, Мадит,[85] можеби и Сестос,[86] а кампањата кулминирала со морничавото освојување на Абидос.[87] Изгледа дека со исклучок на Маронеја и Ајнос (во тоа време под лагидска контрола) кои пружиле отпор, останатите градови веднаш се предале, сè додека Филип не пристигнал пред Абидос. Колку и да е трагична и потресна судбината на Абидос, одговорноста на Филип се состои во тоа што одлучил да го нападне градот,

---

[81] Ma 1999: 45ff.

[82] *OGIS* no.275.

[83] Polyb., xvi.1.3.

[84] Errington 1989a: 253. Подоцна ќе го смени мислењето и уништувањето на Никефорионот ќе го протолкува барбаризам што довел до здружувањето на Пергам и Родос (Errington 2008: 200). Оваа промена во толкувањето најверојатно се должи на тоа што во првиот труд тој го прифаќа редоследот Хиос-Пергам-Ладе, додека пак сега го претпочита редоследот Ладе-Пергам-Хиос. Но, како што претходно беше истакнато редоследот на овие настани не е толку важен, зашто Атал во секој случај прв ги започнал непријателствата, при што фактот што никој не го негирал тврдењето на Филип е од одлучувачко значење (како што впрочем заклучил и Errington 1989a: 253).

[85] Liv., xxxi.16.1-6. Briscoe 1973: ad loc., 350.

[86] V. *бел.* 34.

[87] Polyb., xvi.29.3-34; Liv., xxxi.16.7-18. Walbank 1967: ad loc.; Briscoe 1973: ad loc.

и подоцна што инсистирал на безусловна капитулација, што со оглед на стратешката положба на Абидос и не претставува големо изненадување. Но, одлуката за масовно самоубиство ја донеле самите граѓани, па дури и Полибиј не ја префрла вината на Филип, туку на Тихе; а, можеби подобро ќе било да се запраша зошто Атал и Родос не испратиле поголема помош, иако се наоѓале во непосредна близина на Абидос.[88] Набргу по падот на Абидос Филип дознал дека римската војска се истоварила во Аполонија – II Македонска војна и официјално започнала, а со тоа бил ставен крај на источните планови на Филип.

Но, пред да се судри со Рим, Филип имал време за уште едно шокантно дело, овој пат во Атика. Војната со Атина била изненадување, и во тој момент Филип (веројатно) воопшто и не ја посакувал[89] - дури и Ливиј (односно Полибиј) одговорноста за почетокот на непријателствата го префрла на Атињаните.[90] Деталите од почетнат фаза од овој судир, што Филип и онака го препуштил на своите потчинети зашто тој заминал на исток, главно не нѐ засегаат во оваа прилика.[91] Дури по враќањето од Абидос, Филип лично се вклучил во војната со Атина. Откако неговиот обид да го освои градот на препад пропаднал, а потоа само по жестока борба успеал да се извлече од Дипилонските порти, Филип почнал да ја пустоши околната територија, при што ниту една градба (вклучително и Академијата) не била поштедена, па дури ни гробниците. По неуспешниот обид да ја освои Елевсина, Филип заминал кај Ахајците, но на враќање повторно се обидел да ги освои Елевсина, потоа Пиреј, а на крајот уште еднаш неуспешно се обидел да ја нападне Атина. По сите овие неуспеси, Филип ја опустошил цела Атика, разурнувајќи сѐ што може, и дури тогаш се повлекол во Бојотија.[92]

Од сите настани споменати во овој труд, уништувањето на Атика изгледа најблиску до сликата за Филип како владетел што се предал на сопствените чувства и го истурал гневот каде и да стигне.

[88] Во текот на опсадата, Атал испратил само 300 војници, а Родос само една тетрера, иако флотата била усидрена во непосредна близина на Тенед, каде наскоро пристигнал и Атал (Liv., xxxi.16.7-8). Не е лесно да се објасни пасивноста на сојузниците во оваа прилика. Starr, Chester G. 1938. „Rhodes and Pergamum, 201-200 B.C." *CPh* 33.1: 67f., можеби е во право кога причината ја бара во непријателството меѓу Родос и Атал, но прашање е дали во тој момент тоа било навистина толку силно (*cf.* Pédech 1964: 114 n.71).

[89] *Contra* Habicht, Christian. 1997. *Athens from Alexander to Antony*. Cambridge, 197; Walbank 1940: 129. Филип не можел да го игнорира барањето на Акарнанците, кои во минатото се покажале како најверни и најактивни сојузници во Хелада.

[90] Liv., xxxi.14.6-15. *v.* Briscoe 1973: ad loc.; Polyb., xvi.25-26. Walbank 1967: ad loc.

[91] Преглед кај Habicht 1982: 142ff.

[92] Liv., xxxi.24-25.2, 26. Briscoe 1973: ad loc. Diod., xxviii.7 (кој тука несомнено го ползува Полибиј); Zon., ix.15.3.

Дури и да не уништил ниту една градба во Атика, однесувањето на Филип повторно би можело да се оцени како ирационално. Зашто, ако почетокот на војната е разбирлив, па и очекуван со оглед на тоа што Филип одлучил да ги подржи верните Акарнанци, операциите по враќањето од Абидос тешко би можеле да се оправдаат. Независно од тоа дали македонско-акарнанските напади што биле преземени во негово отсуство ја задоволиле честа на Акарнанците, политичката реалност во моментот кога Филип ги наредил овие напади, и онаа по враќањето од Абидос суштествено се разликувале, зашто во меѓувреме започнала II Македонска војна. Според тоа, инсистирањето да се заземат Атина, Пиреј и Елевсина, што подразбирало жртвување на скапоцените војници токму во моментот кога Филип мора да бил свесен дека набргу ќе му биде потребен секој расположлив војник за војната со Рим, покажува дека барем за момент тој навистина ја загубил способноста правилно да ги процени приоритетите.

Не е тешко да се замислат причините за ваквото однесување – како западниот, така сега и источниот план на Филип завршил со неуспех; какви и да биле придобивките од кампањата во 201 г. ст.е., тие не ги оправдувале сериозните загуби што ги претрпел; овие проблеми во голема мера се должеле на фактот што Атал по втор пат без провокација се вклучил во војна против него; и веројатно најважно од сè, фактот што Римјаните прво дипломатски го понижиле со ултиматумот, а потоа му објавиле војна, иако тој останал верен на одредбите во Фојника. Земајќи ги овие работи во предвид, веројатно не изненадува што одговорот на Филип на атинската „дрскост“ бил толку неурамнотежен и екстремен, поготово што и атинската реакција била далеку од воздржана.

Имено, пролетта 200 г. ст.е., не само што Атињаните му објавиле војна на Филип, туку изгласале и укинување на двете „македонски“ фили Антигонида и Деметријада, установени во чест на Антигон Едноокиот и Деметриј Полиоркет.[93] Со оглед на тоа што „македонските“ фили биле задржани и за време на атинскиот бунт во 287 г. ст.е., и во текот на Хремонидовата војна, независно од тоа кои биле мотивите зад оваа одлука, постапката на Атина делува неразумно, па дури и екстремно.[94] Провокацијата, па и навредата биле до толку поголеми зашто истовремено во чест на пергамскиот владетел била установена новата фила Аталида, како и нова дема Аполониеја во чест на неговата сопруга.[95] Ако се земе ова предвид, постапките на Филип стануваат

[93] Plut., *Dem.*, 10.4. Филите биле установени во 307-6 г. ст.е. Traill 1975: 26ff., 31ff.

[94] V. McDonald & Walbank 1937: 191f.; Ferguson 1932: 140f.; Habicht 1982: 145f.; Eckstein 2008: 207ff.

[95] V. Ferguson 1932: 141; Habicht, Christian. 1990. „Athens and the Attalids in the Second Century B.C.“ *Hesperia* 59.3: 562f.; Traill 1975: 30f.

нешто појасни. Секогаш посебно чувствителен за тоа што го наследил од претходниците,[96] тој едноставно не можел, или посоодветно кажано не сакал, да си дозволи атинската провокација и навреда да мине неказнето. Ова не значи дека тие биле оправдани и разумни, поготово не од стратешки аспект, кога наместо да се подготува за судирот со Рим тој трошел скапоцено време и ресурси во пресметка со Атинците; ниту пак значи дека реакцијата била сразмерна на навредата. Но, ако ништо друго, покажува дека темелното уништување на Атика сепак не било сосема неиспровоцирано, поготово што на местото на македонските фили сега била установена фила во чест на неговиот непријател Атал.

Според тоа, по сѐ изгледа дека во 202 г. ст.е., Филип се одлучил за примена на политиката на застрашување, што во минатото вродила со плод, како што покажува ограбувањето и разурнувањето на Термон во Сојузничката и I Македонска војна.[97] Цената за тоа ја платиле несреќните Киос и Мирлеја, што потоа му биле предадени на Прусија I. Од друга страна, разурнувачките походи низ пергмаската територија и потоа во Атика претставувале одговор на провокациите и навредите од Атал и Атинците. Колку тие биле оправдани и соодветни на навредата (поготово во случајот со Атина) е друго прашање – тоа што се чини јасно е дека и овој пат постапките на Филип не би требало да се припишат на спонтани и неиспровоцирани изливи на бес.

## II

Независно од мотивите и целите на Филип, каква била реакцијата од неговите постапки? Ако го прифатиме приказот на Полибиј безрезервно, тогаш одговорот е сосема јасен – шок и запрепастеност, проследени со омраза, презир и недоверба во суровиот и превртлив владетел. Но, прашањето е во колкава мера може или треба безрезервно да се прифати неговата проценка, ако се земе предвид неговиот вообичаен пристап не само кон Филип, туку и кон Македонија.[98] Поради тоа, наместо спекулации и претпоставки, подобро е накусо да се продискутираат реакциите како на противниците, така и на сојузниците. При тоа мора да се прави јасна разлика меѓу реакциите предизвикани од неговата суровост и превртливост - што е и главна тема во овој труд; и реакциите што биле резултат на политиката на Филип во овој период, што не нѐ засега директно во овој случај.

[96] *Cf.* Polyb., xviii.7.1; Diod., xxviii.11; Liv., xxxii.10.4.

[97] За ефектот од походот на Термон во 218 г. ст.е., *v.* Scholten 2000: 223f.

[98] Pédech 1964: s.v. Philippe V – caractère; Eckstein 1995: *passim*; *pace* Walbank, Frank W. 1970. „Polybius and Macedonia“, *AM* 1: 291-307.

Што се однесува до Ајтолците, кои биле први жртви на новата источна политика на Филип,[99] не знаеме речиси ништо, освен дека испратиле едно пратеништво во Рим во 202 или 201 г. ст.е., што наишло на прилично резервиран и непријателски пречек.[100] Мотивот е сосема јасен – да се добие поддршка од Рим против Филип, кој ги освоил Лисимахеја, Халкедон и Киос; навистина, Апијан споменува дека тие се пожалиле на неискреноста на Филип (ἀπίστου γεγονότος), но тоа е во суштина сѐ. Потоа, до 199 г. ст.е. Ајтолците немаат позначајна улога во настаните.[101]

Слично стојат работите и со Атал. Како што веќе беше споменато, во 201 г. ст.е. тој навистина се вклучил во војната против Филип, но наивно би било да се претпостави дека тоа било од морални причини. Впрочем токму Атал во две прилики без провокација го нападнал Филип, а во текот на I Македонска војна учествувал во пустошењето и ограбувањето на Лемнос, Пепарет, Ореј, Опунт и Кинос.[102] Посебно е интересен примерот со Опунт, кој бил ограбен и опустошен од Атал со дозвола на Сулпикиј, бидејќи пергамските војници не добиле можност да учествуваат во освојувањето и ограбувањето на Ореј.[103] Очигледно Атал не бил многу подобар од Филип, и тешко дека бил шокиран, а уште помалку пак изненаден од однесувањето на македонскиот крал. Одлуката да се вклучи во војната немала никаква врска со суровоста на Филип, туку попрво со фактот што тој во 202 г. ст.е. успеал да се стекне со важни упоришта на Пропонтида, а следната, по заземањето на Самос веќе бил во непосредна и непријатна близина до пергамската територија. Па дури и тогаш, Атал се вклучил во војната на поттик од родоскиот адмирал Теофилиск.[104]

---

[99] Лисимахеја, Халкедон и Киос биле ајтолски сојузници пред да бидат освоени од Филип.

[100] Liv., xxxi.29.4; App., *Mak.*, iv.2. *cf.* Plaut., *Stich.*, 494-504 (со анализата на Eckstein 2008: 215f.). Иако од Апијан може да се заклучи дека ајтолското пратеништво уследило по родоското и атинското, со што би требало да се датира во 201 г. ст.е., генерално е прифатена претпоставката на Holleaux 1921: 293ff., дека Апијан згрешил, а пратеништвото треба да се датира во 202 г. ст.е. Но, *v.* Derow 1979: 7f., кој со право ја критикува методата со која наративниот извор „се преуредува" за да соодветствува на концептите на современите историчари, и при тоа дава прилично уверливо објаснување зошто би требало да се задржи хронологијата на Апијан.

[101] Римското пратеништво во 200 г. ст.е. не било испратено само до Ајтолците, туку заминало и кај Епирците, Аминандар и Ахајците, пред да пристигне во Атина (Polyb., xvi.27.1-4).

[102] Polyb., x.42.1; Liv., xxviii.5.1, 5.10, 5.18-6.

[103] Liv., xxviii.7.4: eodem ferme die ab Attalo rege Opuntiorum urbs capta diripiebatur – concesserat eam regi praedam Sulpicius, quia Oreum paucos ante dies ab Romano milite, expertibus regiis, direptum fuerat.

[104] Polyb., xvi.9.4.

За римската експанзија во III и II век ст.е. се напишани безброј трудови, и искажани речиси исто толку различни мислења. За среќа, во оваа прилика нема потреба да се занимаваме со овој проблем. Независно од тоа кои биле римските мотиви, секако не станувало збор за филхеленска, т.е. „сентиментална“ политика и желба да се спасат Хелените од суровоста на Филип[105] - застарена теорија, сега веќе едногласно отфрлена.[106] Ниту пак е јасно кога Римјаните го прифатиле слоганот за „ослободување на Хелада“, и многу поважно каков бил ефектот од овој пристап; поготово што примерите на Антипатреја, Книдос и Фалорија покажуваат дека и во II Македонска војна, Римјаните не се воздржувале од политиката на застрашување.[107] Земено во целина се стекнува впечаток дека Хелените главно останале резервирани и дури по првите посериозни порази на Филип и под политички и воен притисок почнале да преминуваат на страната на Рим.[108]

Наспроти Ајтолскиот сојуз, Атал и Рим, се чини дека нешто посилна аргументација може да се изгради за Атина и Родос. Како и да се толкува, атинската реакција делува претерано, но ако ништо друго не е толку неочекувана ако се претпостави дека Атинците, секогаш склони кон драматични гестови, навистина биле шокирани, па и преплашени од постапките на Филип. Ова станува поверојатно ако тие навистина се наоѓале меѓу пратениците што се обиделе да интервенираат во корист на Киос,[109] но тоа не може да се докаже. Меѓутоа, на што и да се припише ваквата реакција, тоа што се чини јасно е дека станува збор за израз на новиот правец во надворешната политика на Атина, што повеќе има врска со генералната надворешна политика на Филип одошто само со неговата суровост. Потврда за ова е фактот што летото 201 г. ст.е., спротивно на редоследот, за прва фила во циклусот е избрана Птолемаида.[110] Со оглед на блиските врски меѓу Атина и Лагидите во III век ст.е., интензивирани по ослободувањето од македонските гарнизони по смртта на Деметриј II,[111] изборот на Птолемаида секако не е случајност; особено што токму таа година Филип,

[105] *E.g.* Frank, Tenney. 1921. *Roman Imperialism*. New York, 144ff., поготово 150f. *cf.* крајно неубедливата аргументација на Badian 1958: 66ff., дека римскиот ултиматум не бил навредлив кон Филип, и дека Римјаните во овој период се залагале за зачувување на мирот.

[106] *Cf.* Harris 1979: 216f.; Gruen 1984: 390; Pédech 1964: 119.

[107] Liv., xxxi.27 (Антипатреја и Книдос); Liv., xxxii.15 (Фалорија). V. Eckstein 1976.

[108] Errington 1990: 203. За Polyb., xviii.46.14 *v.* Harris 1979: 216 n.4. За Plut., *Comp. Philop. et Titi Flam.*, *v.* Eckstein 2008: 279f.

[109] Walbank 1967: 476.

[110] Ferguson 1932: 141ff. Филата била установена во 224/3 г. ст.е., а истовремено била установена и демата Береникида, во чест на сопругата на Птолемај III.

[111] V. Habicht 1992.

со освојувањето на Самос и отворено истапил против Лагидите.[112] Според тоа, и атинската реакција попрво била резултат на политиката на Филип, а не (или барем не исклучиво) на неговите сурови постапки. Кон истиот заклучок секако води и фактот што формирањето на Аталида уследило веднаш по атинската објава на војна. Во колкава мера жестината на атинската реакција се должела на суровоста на Филип, а во колкава на нападот на лагидските поседи, а можеби и на веста за „разбојничкиот" пакт меѓу Филип и Антиох[113] не би можело да се каже. Во секој случај, зад емотивната реакција на Атина сепак стоела политичка одлука.

Во случајот на Родос, Полибиј не остава место за сомнеж по уништувањето на Киос: „Згора на тоа, си навлекол толкава омраза од жителите на Родос, што тие не сакале ни збор да чујат за Филип;"[114] „Од тој ден родоскиот демос сметал дека е во војна со Филип и започнал со подготовки согласно таа проценка."[115] Сепак, приказот и заклучоците на Полибиј не се сосема уверливи и тоа од неколку причини. Прво, уште со почетокот на Критската војна (с. 205 г. ст.е.), Родос и Филип се нашле на спротивните страни. Навистина, во оваа прилика не дошло до директен судир меѓу нив, но овој факт, ако ништо повеќе, навестувал можност за понатамошно влошување на односите.[116] Токму во контекст на Критската војна, меѓу другото Дикајарх добил наредба колку што може да ги помага сојузниците на Крит.[117] Речиси истовремено и Хераклејд, кој од овој период се појавува меѓу главните и највлијателни советници на Филип, се обидел да ги запали родоските пристаништа и складишта.[118] Токму епизодата со Хераклејд, во чија вистинитост повеќе историчари се сомневаат,[119] нè става пред избор – ако го прифатиме приказот за Хераклејд, со оглед на сите

[112] McDonald & Walbank 1937: 191.

[113] Eckstein 2008: 209ff.

[114] Polyb., xv.22.5.

[115] Polyb., xv.23.6. Eckstein 2008: 191, најверојатно е во право кога истакнува дека ова не значи и официјална објава на војна (како што често се мисли), до која дошло дури следната 201 г. ст.е. Меѓутоа, исто така не би требало ниту да се потцени оваа информација, како што тој во одредена смисла прави, преку споредбата со односот на Ајтолците. Зашто, за разлика од Ајтолците, Родос почнал со подготовки соодветно на дадената ситуација. Според тоа, иако толкувањето на Екстин е од формален аспект точно, оние историчари што веруваат дека Родос му објавил војна на Филип по падот на Киос (*e.g.* Errington 1989a: 252; Berthold 1984: 112; Ager 1991: 20) во суштина се исто толку во право.

[116] За Критската војна *v.* Brulé 1978: 29ff.; *cf.* de Souza 1999: 80ff.

[117] Diod., xxviii.1. *v.* Holleaux 1952: 124-45.

[118] Polyb., xiii.5.1-6; Polyaen., v.17.2 (заснован на Полибиј).

[119] Вистинитоста на приказот е прифатена *inter alios* Holleaux 1952: 136 n.3; Walbank 1940: 111; Berthold 1984: 109f.; отфрлена од Niese 1899: 572 n.2, de Souza 1999: 81 n.135; Errington 2008: 194.

дотогашни инциденти, колку е веројатно дека политичкиот врв во Родос навистина бил до тој степен шокиран што Филип ги игнорирал и измамил кај Киос па сега се одлучил на војна; во спротивно пак треба да го отфрлиме и да го протолкуваме како пример за родоската пропаганда против Филип. Ова е до толку поинтересно зашто токму на почетокот на описот на посетата на Хераклејд на Родос, Полибиј вели: „Пританите, кои поради дволичното однесување во Критската војна веќе беа крајно сомничави кон Филип, се сомневаа дека Хераклејд е тајно испратен од него.“[120] Сето ова едноставно не оди, освен ако не сме подготвени да поверуваме дека Филип бил највештиот манипулатор на своето време, а родоските државници неверојатно наивни политичари. Уништувањето на Киос колку и да било шокантно, веројатно послужило како повод, но ништо повеќе од тоа.

Причините попрво треба да се бараат во економските и политичките фактори. За Родос, постојаните провокации од Филип, фактот што почнал да се утврдува на Пропонтида и полека се заканувал да ја наруши моменталната состојба во Егејскиот басен секако биле повеќе од доволни причини да се подготвува за војна. Секогаш посебно чуствителни на состојбите на Хелеспонт што бил од големо значење за родоската трговија, првенците на Родос секако не можеле рамнодушно да го прифатат падот на Лисимахеја, Халкедон и Перинт. Навистина, Родос генерално претпочитал дипломатски решенија, но како што покажува војната со Бисант, кога виталните трговски интереси биле загрозени, Родос не се двоумел да употреби сила.[121] Приказот на Полибиј може да се критикува и уште по една основа. Имено, набргу по падот на Абидос и римскиот ултиматум, на Родос пристигнале ахајски пратеници кои се обидувале да го убедат родоскиот демос да склучи мир со Филип. Може да се спекулира каква би била одлуката на Родос да не се вмешале римските пратеници кои случајно во тој момент се нашле таму.[122] Независно од тоа што на крајот одговорот бил негативен, фактот што Римјаните оцениле дека треба да се вмешаат и да потенцираат дека не може да стане збор за сепаратен мир со Филип без учество на Рим, покажува дека меѓу родоските првенци, сепак се дискутирало за оваа можност; а ова е далеку од тврдењето на Полибиј дека по падот на Киос μηδένα λόγον ἔτι προσίεσθαι περὶ Φιλίππου.

Да видиме како стојат работите меѓу сојузниците на Филип. Веќе беше споменато мислењето дека ако бил повнимателен и урамнотежен, Филип би можел да ја мобилизира целата Симахија, а со тоа и да пружи многу поефикасен отпор на Рим. Со други зборови, токму

[120] Polyb., xiii.5.1.
[121] За војната меѓу Бисант и Родос *v.* Ager 1991: 13f.; Berthold 1984: 94ff.; Will 1982: 45ff.
[122] Polyb., xvi.35.

суровоста и превртливата политика во изминатите две години се одговорни прво за пасивноста, а потоа и непријателството на Хелените во текот на II Македонска војна - навидум логична и убедлива претпоставка. Меѓутоа, малку подеталнната анализа на собитијата од последните две децении покажува нешто друго. Ниту во Сојузничката војна, кога бил „миленик на Хелада", ниту пак во I Македонска војна кога неговиот углед сè уште не бил толку опаднат, Филип не успеал целосно да ги мобилизира силите на Симахијата.[123] Внатрешните слабости на организацијата – тоа што секоја одлука на Синедрионот потоа морала да се ратификува од секоја членка поединечно, како и фактот што Симахијата не располагала со заедничка воена каса – уште од самиот почеток ја ограничувале ефикасноста на Симахијата како воена сила.[124] Но, дури и кога се вклучувале во борбата, вредноста и ефикасноста на сојузниците е најблаго кажано сомнителна и попрво му задавала проблеми на Филип одошто му ја олеснувала работата.[125] Според тоа, дискутабилно е во колкава мера учеството на Симахијата навистина би му било од помош на Филип во судирот со Рим. Во таа смисла, можеби и не е случајно што тој воопшто и не се ни обидел да го свика Синедрионот во пресрет на II Македонска војна. Од друга страна, ако однесувањето на членките во изминатите две децении е некаков индикатор, независно од угледот и расположението кон Филип, тие веројатно би се однесувале токму така како и што се однесувале. Тргнувајќи пред сè од своите локални интереси и меѓусебното непријателство, што е очекувано и разбирливо, веројатно би го исчекувале развојот на настаните, надевајќи се дека ќе избегнат и трета

[123] Од членките единствено Ахајците и Акарнанците имаат позабележителна улога во Сојузничката војна Иако тука мора да се води сметка за пристрасноста на Полибиј кој секако во преден план ги става македонските и ахајските операции.

[124] Извори за создавањето на Симахијата кај Schmitt 1969: no.507. V. Le Bohec, Sylvie. 1993. *Antigone Dôsôn, Roi De Macédoine*, Nancy, 378ff.; Walbank, Frank W. 1988. „part two." in Nicholas G. L. Hammond & Frank W. Walbank. A *History of Macedonia*, vol. III, Oxford, 351ff.

[125] Така на пример, ефикасноста на ахајската војска во текот на Сојузничката војна бил очајна. Пролетта 208 г. ст.е., речиси сите членки на Симахијата (Ахаја, Бојотија, Евбоја, Акарнанија, Епир) го молеле Филип за воена помош (Polyb., x.41.2-3; Walbank 1967: ad loc.). Иако информацијата на Полибиј (iv.30.6-7) дека на почетокот на Сојузничката војна Епирците склучиле сепаратен договор со Ајтолците веројатно е погрешна, а тие едноставно одолговлекувале дури не пристигне Филип, тоа сепак покажува во колкава мера членките зависеле од активната помош од Македонија. Згора на тоа, не е исклучено дека Епир, барем неофицијално, бил третиран како неутрална страна во I Македонска војна. V. Cabanes 1976: 254ff. Hammond, Nicholas G. L. 1967. *Epirus*. Oxford, 610 и Rich 1984: 174 n.175, го бранат мислењето дека Епир сепак бил активен учесник во војната, а случајно бил поштеден од посериозни воени активности, но со оглед на положбата на Епир ова не е многу убедливо. *Cf.* Walbank 1967: 177f.

разурнувачка војна за само две децении.[126] Во крајна линија, односите меѓу Антигонидите и Хелените никогаш (или речиси никогаш) не се темелеле на пријателство и искрена соработка, туку на пресметливост и прагматичност.[127] Според тоа, да се претпостави дека Хелените во други услови слепо би го следеле Филип во судирот со Рим делува мошне наивно.

Оваа претпоставка може да се поткрепи со однесувањето на Акарнанците и Ахајците. Од хеленските сојузници, Акарнанците најдолго и најактивно го подржувале Филип, не само во Сојузничката, туку и во I и II Македонска војна. Дури и обидот на Лукиј Фламинин да ги привлече на страната на Рим во предвечерието на битката кај Киноскефала завршил со неуспех.[128] Според Ливиј (односно Полибиј), тие останале сојузници на кралот од две причини – верноста, вродена карактеристика што ги красела Акарнанците, но и стравот и омразата кон Ајтолците.[129] Колкава била тежината на првата, а колкава на втората причина може да спекулираме, но прашање е дали верноста кон кралот ќе надвладеела, ако на пример Ајтолците биле сојузници на Филип а не на Рим.

Сличен заклучок може да се изведе и од однесувањето на Ахајците. Навистина, тие го одбиле неговиот предлог во 200 г. ст.е. да им помогне во војната со Набид во замена за ахајски засилувања за гарнизоните во Ореј, Коринт и Халкида;[130] но, ова не значи дека одбивањето треба да се протолкува како непријателство и презир кон Филип. Во прв момент, кога помислиле дека им нуди помош без да бара „услуга“ за возврат, Ахајците биле сосема задоволни со предлогот. Дури кога го слушнале барањето на Филип, сфаќајќи дека тој се обидува да ги втурне во новиот судир со Рим, Ахајците се извлекле на технички приговор, а собранието било распуштено. Според тоа, стравот од војна со Рим, а не омразата кон Филип биле клучен фактор во одлуката на Ахајците. Несомнено токму стравот од нова војна во Хелада, ги навела непосредно по падот на Абидос да се обидат да посредуваат меѓу Филип и Родос.[131] Дека во овој период тие не биле непријателски расположени кон македонскиот владетел покажува и тоа што

---

[126] *pace* Gruen 1984: 444ff.

[127] Ова посебно важи за односите со Ајахскиот сојуз. *Cf.* Gruen, Erich S. 1972. „Aratus and the Achaean Alliance with Macedon.“ *Historia* 21.4: 609-625. Веројатно не е случајно што токму по воената реформа на Филопојмен, Ахајците почнуваат да водат понезависна политика од Македонија и сѐ помалку да се потпираат на македонска помош. *cf.* Walbank 1940: 98.

[128] Liv., xxxiii.16.

[129] Liv., xxxiii.16.2: duae autem maxime causae eos tenuerant in amicitia regis, una fides insita genti, altera metus odiumque Aetolorum.

[130] Liv., xxxi.25.3-11.

[131] V. *supra*.

уште пред конференцијата со Филип, стратег за 200/199 г. ст.е. бил избран Киклијада, кој важел за водач на „промакедонската“ група.[132] Навистина, следната година за стратег бил избран Аристајн, еден од водачите на „проримската“ група;[133] но кон крајот на 199 г. ст.е., во замена за Орхомен, Хераја, Трифилија, Алифера (а можеби и Фигалеја) што конечно им ги предал на Ахајците,[134] Филип изгледа издејствувал обновување на заклетвата на верност на македонскиот крал, па и Ливиј истакнува дека со овој чекор биле зацврстени врските меѓу Македонија и Ахаја.[135] Очигледно Ахајците сѐ уште се двоумеле, и прашање е колкава улога во дилемата играл и фактот што во 199 г. ст.е. Ајтолците се вклучиле во војната. Дури кон крајот на 198 г. ст.е. кога бил прогонет Киклијада,[136] станало јасно дека раскинот е неизбежен.

Конечната одлука на Ахајците, донесена на сојузното собрание во Сикион, не е изненадување. По поразот кај Аој Стена (198 г. ст.е.) и повлекувањето од Тесалија, Филип практично бил затворен во Македонија и веќе немало никакви шанси повторно да се појави во централна и јужна Хелада. Истовремено, додека римската, пергамската и родоската флота (усидрени во Кенхреа) се подготвувале да го нападнат Коринт,[137] Тит Фламинин оперирал во Фокида, повторно применувајќи тактика на заплашување, што на крајот и вродила со плод кога повеќе места се предале „повеќе од страв, а не зашто биле нападнати“.[138] Времето кога Ахајците можеле да си дозволат неутралност одминало, а како што откриле и Ајтолците една година порано, изборот бил или сојуз со Рим, или пропаст со Филип.[139]

Ако нешто воопшто изненадува, тоа е хаосот и несогласувањето меѓу Ахајците како да се постапи. Конфузијата во ахајските редови ја доловува Ливиј: „Но, Ахајците не беа на еден ум: стравуваа од Набид Лакедајмонецот, жесток и неуморен непријател; треперea од римските

[132] Liv., xxxi.25.3. Но, *v.* Gruen 1984: 445 n.35, кој предупредува против претерано схематизираната поделба на промакедонска и проримска група.

[133] Liv., xxxii.19.2.

[134] Овие места им биле ветени уште во 208 г. ст.е.

[135] Liv., xxxii.5.4-5. Briscoe 1973: ad loc.

[136] Liv., xxxii.19.2.

[137] Liv., xxxii.19.3.

[138] Liv., xxxii.18.9.

[139] Liv., xxxi.31.20: nunc et nos deum benignitate Punico perfecto bello totis uiribus nostris in Macedoniam incubuimus, et uobis restituendi uos in amicitiam societatemque nostram fortuna oblata est, *nisi perire cum Philippo quam uincere cum Romanis mauultis.* Што е само последна закана на римскиот делегат, кој откако ја прикажува судбината на Сиракуса и Сицилија, на крајот порачува: quin contra hoc et uos et omnes gentes scire uolumus pro merito cuique erga nos fortunam esse (xxxi.31.8-9). *Cf.* Derow 1979: 8; Briscoe 1973: ad loc.

војски; се чуствуваа обврзани кон Македонците не само заради скорешните туку и за минатите услуги; на кралот лично не му веруваа поради неговата суровост и нечесност, па иако не го проценуваа според мерките што ги преземаше во тој момент, увидуваа дека по војната ќе биде уште построг господар.“[140] Дека Ахаја навистина била во превирање, покажуваат и околностите во кои конечно склучиле сојуз со Рим. Имено, по говорот на Аристајн со кој стратегот се обидел да ги убеди Ахајците да го прифатат предлогот за сојуз,[141] дошло до жестока дискусија меѓу дамијурзите, од кои половина се противеле на сојузот и се обидувале да го распуштат собранието без да се донесе одлука. Дури следниот ден, откако делегатите од Диме, Мегалопол и Аргос го напуштиле собранието, бил прифатен предлогот за сојуз.[142]

Јасно е дека во расправата биле истакнати суровоста и на Филип и на Римјаните,[143] но исто така е јасно дека конечната одлука била донесена пред сè врз основа на практични и реалистични аргументи. Од долгиот говор на Аристајн (вкупно 37 глави), само четири, односно пет, глави се однесуваат на злосторствата на Филип (21-25), делумно засновани на факти, а делумно на гласини и пропаганда.[144] Останатиот дел се однесува на прашањата за немоќта на Филип да ги заштити сојузниците во Хелада, желбата да се ослободат од македонската доминација, опасноста од истовремен напад од Рим и Набид, и воопшто, можните последици ако го одбијат предлогот на Римјаните. Згора на тоа, ако ова не било доволно, Римјаните имале уште една понуда, на која Филип никако не можел да одговори – а тоа е ветувањето дека ќе им го препуштат Коринт на Ахајците.[145] Оваа комбинација од закани и ветувања била многу поважна во донесувањето на конечната одлука

[140] Liv., xxxii.19.6-8.

[141] Liv., xxxii.21.

[142] Liv., xxxii.22-23.2; Zon., ix.16.3; App., *Mak*., vii; Paus., vii.8.1-2. Работите можеби биле уште похаотични ако може да им се верува на Апијан и Павсанија, зашто обајцата споменуваат дека меѓу другото и Римјаните биле критикувани за уништувањето на хеленски градови, а Апијан дури вели и дека оние што се залагале за сојуз со Филип всушност биле побројни, но под жесток притисок на проримската група, дел си заминале, а останатите биле принудени да го прифатат предлогот.

[143] Според Апијан, „македонската“ група го обвинувала Сулпикиј (Фламинин не е споменат) за злостори (*παρανομήματα*) во Хелада; интересно е што истиот збор – *παρανόμημα* – го употребува и Полибиј кога ги споменува злосторствата што ги извршил Филип во текот на живот (xxiii.10.2).

[144] Згора на тоа, според Briscoe 1973: 21f., Аристајн го започнува овој дел со *omissio*, т.е. не ги третира како директен аргумент. Меѓутоа, не сум убеден дека всушност не станува за *praeteritio*, така што иако нападите врз карактерот на Филип не се директен аргумент, нивното значење е можеби поголемо одошто може да изгледа на прв поглед.

[145] Liv., xxxii.19.4. Briscoe 1973: ad loc.

одошто прашањето за неморалноста на Филип;[146] што се потврдува и од анализата на Полибиј кој вели: „Ако во тој вистински момент Аристајн не го раскинел сојузот меѓу Ахајците и Филип заради оној со Рим, јасно е дека целиот сојуз ќе беше уништен. Вака пак, не само што во непосредната криза ја осигурал безбедноста на секој, туку било општоприфатено и мислењето дека овој човек и неговиот совет биле причината за зголемувањето на ахајската моќ. Затоа не бил сметан за предавник, туку сите го почитувале како доброчинител и спасител на земјата. Истото би можело да се каже и за сите оние кои во слични кризи *одлучувале водејќи се според околностите*."[147]

Случувањата во Ахаја, за кои благодарение на Полибиј подобро сме известени, доволно јасно ги илустрираат проблемите, дилемите и несогласувањата со кои се соочувале повеќето хеленски заедници во предвечерието и во текот на II Македонска војна.[148] Од тоа што го дознаваме од изворите (што мора да се признае и не е баш многу), се стекнува впечаток дека овие прашања биле решавани пред сè тргнувајќи од сопствените интереси и проценката дали е поползезно здружувањето со Филип или пак Рим; а при тоа не треба да се заборави дека зад политичките борби што често се манифестирале како борби меѓу „промакедонска" и „проримска" групација, всушност се криеле стари внатрешни поделби и несогласувања меѓу различни групации во заедниците. Се добива впечаток дека суровоста и моралното пропаѓање на Филип попрво биле користени како уште еден аргумент на убедување, но во суштина немале големо значење при донесувањето на одлуките.

Со ова не сакам да кажам дека однесувањето на Филип не предизвикало шок, недоверба, па дури и омраза. Колку и да се остави простор за претпоставката дека приказот на Полибиј е преувеличан, сепак нема причина да веруваме дека е целосно измислен. Впрочем и однесувањето на Атина и поготово на жителите на Абидос е разбирливо само ако се земе предвид и ефектот и впечатокот од однесувањето на Филип. Кон сличен заклучок води и ироничниот епиграм на Алкај од Месенија, во кој поетот фактички го повикува Ѕевс да го казни Филип, што независно од тоа колку е непријателски настроен авторот, сепак покажува дека има нешто невообичаено во преступите на македонскиот владетел.[149] Ваквата реакција воопшто не изненадува,

[146] Ова имплицитно го признава и Аристајн, кога вели дека ако во тој момент владеел Антигон Досон тој никогаш не би го побарал од Ахајците тоа што сега го бара Филип (Liv., xxxii.21.25). Поентата на нападот не е толку карактерот на Филип, туку дека „благиот и праведен" Досон тоа никогаш не би го побарал, зашто би бил свесен дека силите на Ахајците не се соодветни за тоа што го бара Филип.

[147] Polyb., xviii.13.8-11. Walbank 1967: 564ff.; Aymard 1940.

[148] *Cf.* Gruen 1984: 441ff.

[149] *Anth. Pal.*, ix.518, со анализата на Edson 1948.

зашто политиката на заплашување често е меч со две острици, па иако може да ги донесе посакуваните резултати на едно место (како што очигледно и се случило со голем дел од градовите по трако-македонското крајбрежје), истовремено може да предизвика и сосема спротивен ефект на друго. Но, колку и да биле искрени и длабоки гневот, стравот и омразата, нивното значење било од споредна важност при донесувањето на клучните одлуки во хеленските заедници, кои водени од сопствените потреби, амбиции и ривалства, попрво се прашувале дали целите полесно (и побезбедно) би можеле да се остварат со помош на македонската сариса, или пак со римскиот гладиус. Ако во II Македонска војна Филип морал да плати за нешто, тоа не била толку цената за неговите методи, колку цената за неговите соништа и амбиции.

## Библиографија


Ager, Sheila L. 1991. „Rhodes: The Rise and Fall of a Neutral Diplomat.“ *Historia* 40.1: 10-41.

____. 2003. „An Uneasy Balance: from the Death of Seleukos to the Battle of Raphia.” in *Blackwell Companion to the Hellenistic World*, edited by Andrew Erskine, 35-50. Oxford.

Austin, Michel M. 1986. „Hellenistic Kings, War, and the Economy.“ *CQ* 36: 450–66.

Aymard, André. 1940. „Le fragment de Polybe «sur les traîtres» (XVIII, 13-15).“ *REA* 42.1: 9-19.

Badian, Ernst. 1958. *Foreign Clientelae (264-70 B.C.)*, Oxford.

Berthold, Richard M. 1975. „Lade, Pergamum and Chios: Operations of Philip V in the Aegean.“ *Historia* 24.2: 150-63.

____. 1984. *Rhodes in the Hellenistic Age*. Ithaca.

Briscoe, John. 1973. *A Commentary on Livy, Books XXXI–XXXIV*. Oxford.

____. 1978. „The Antigonids and the Greek States, 276-196 B.C.“ in *Imperialism in the Ancient World*, edited by Peter D. A. Garnsey & C. R. Whittaker, 145-157. Cambridge.

Brulé, Pierre. 1978. *La piraterie crétoise hellénistique*. Paris.

Cabanes, Pierre. 1976. *L'Épire de la mort de Pyrrhos à la conquête romaine (272-167 av J.C.)*. Paris.

Chaniotis, Angelos. 2005. *War in the Hellenistic World. A Social and Cultural History*. Oxford.

de Souza, Philip. 1999. *Piracy in the Graeco-Roman World*, Cambridge.

Derow, Peter S. 1979. „Polybius, Rome, and the East.“ *JRS* 69: 1–15.

Драганов, Димитър. 2001. *Монетите на македонските царе, част 2 (От Филип III Аридей до Персей)*. Ямбол.

Eckstein, Arthur M. 1976. „T. Quinctius Flamininus and the Campaign against Philip in 198 B.C.“ *Phoenix* 30.2: 119-142.

____. 1995. *Moral Vision in the Histories of Polybius*. Berkeley.

____. 2006. *Maditerranean Anarchy, Interstate War and the Rise of Rome*. Berkeley

____. 2008. *Rome Enters the Greek East: From Anarchy to Hierarchy in the Hellenistic Mediterranean, 230-170 B.C.* Oxford.
Edson, Charles F. 1948. „Philip V and Alcaeus of Messene." *CPh* 43.2: 116-21.
Errington, Robert M. 1989. „Rome and Greece to 205 B.C." in *CAH* VIII$^2$: 81-106.
____. 1989a. „Rome against Philip and Antiochus." in *CAH* VIII$^2$: 244-89.
____. 1990. *A History of Macedonia*. Berkeley-Los Angeles.
____. 2008. *A History of the Hellenistic World*, Malden-Oxford.
Ferguson, William S. 1932. *Athenian Tribal Cycles in the Hellenistic Age*, Harvard.
Gruen, Erich S. 1984. *The Hellenistic world and the coming of Rome*. Berkeley.
Habicht, Christian. 1982. *Studien zur Geschichte Athens in hellenistischer Zeit*. Göttingen.
____. 1992. „Athens and the Ptolemies." *Classical Antiquity* 11.1: 68-90.
Hammond, Nicholas G. L. 1988. „parts one & three." in Nicholas G. L. Hammond & Frank W. Walbank. *A History of Macedonia*, vol. III, Oxford.
Harris, William V. 1979. *War and Imperialism in Republican Rome, 327-70 B.C.*, Oxford.
Holleaux, Maurice. 1921. *Rome, la Grèce et les monarchies hellénistiques au IIIe siècle avant J.-C. (273-205)*, Paris.
____. 1930. „Rome and Macedon: The Romans against Philip." in CAH VIII: 138-98.
____. 1952. *Etudes d'épigraphie et d'histoire grecques Tome IV. Rome, la Macédoine et l'Orient grec, 1ère partie*. Paris.
Le Bohec, Sylvie. 1985. „Les Philoi des Rois Antigonides." *REG* 98: 93-124.
Lévêque, Pierre. 1968. „La guerre a l'époque hellénistique." in *Problèmes de la guerre en Grèce ancienne*, Sous la direction de Jean- Pierre Vernant, 261-87. Paris.
Ma, John. 1999. *Antiochos III and the cities of Western Asia Minor*. Oxford.
____. 2000. „Fighting *Poleis* of the Hellenistic World",in *War and Violence in Ancient Greece*, edited by Hans van Wees, 337-76. London.
Mcdonald, Alexander H. & Walbank, Frank W. 1937. „The Origins of the Second Macedonian War." *JRS* 27: 180–207.
Mørkholm, Otto. 1991. *Early Hellenistic Coinage. From the Accession of Alexander to the Peace of Apamea (336-188 B.C.)*, edited by Philip Grierson & Ulla Westermark. Cambridge.
Niesse, Benedictus. 1899. *Geschichte der griechischen und makedonischen staaten seit der schlacht bei Chaeronea*, t.2 (281-188), Gotha.
Pédech, Paul. 1964. *La méthode historique de Polybe*. Paris.
Rich, John W. 1984. „Roman Aims in the First Macedonian War." *PCPhS* 30: 126–80.
Schmitt, Hatto H. *Die Staatsverträge des Altertums III: Die Verträge der griechisch-römischen Welt von 338 bis 200 v. Chr.* München.
____. 1974. „Polybios und die Gleichgewicht der Mächte." in *Polybe*, entretiens préparés et présidés par Emilio Gabba, 65-102. Genève.
Scholten, Joseph B. 2000. *The Politics of Plunder: Aitolians and their Koinon in the Early Hellenistic Era 279-217 B.C.* Berkeley-Los Angeles.
Tarn, William W. 1930. *Hellenistic military and naval development*. Cambridge.
Traill, John S. 1975. *The Political Organization of Attica: A Study of the Demes, Trittyes, and Phylai, and Their Representation in the Athenian Council*. Hesperia Supplements, vol.14.
Walbank, Frank W. 1940. *Philip V of Macedon*, Cambridge.
____. 1967. *A Historical Commentary on Polybius*, vol.2. Oxford.
____. 1982. „Sea-power and the Antigonids." in *Philip II, Alexander the Great and the Macedonian Heritage*, edited by Winthrop L. Adams and Eugene N. Borza, 213-36. Washington.
Will, Édouard. 1982. *Histoire politique du monde hellénistique (323~30 av. J.-C.), t.2 Des avènements d'Antiochos III et de Philippe V a la fin des Lagides*$^2$. Nancy.